Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 26-та седница, одржана на 27.12.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија” број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/2021) и член 59 став 1, точка 1 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 23.11.2022 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување на Статутот на Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**Член 1**

Со оваа Статутарна одлука се врши изменување на член 34, став 4 од Статутот на Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), кој гласи:

„Самостојни факултетски лабораториi, во согласност со став 3 од овој член се акредитираните: Лабораторијата за електрични мерења (ЛЕМ) и Лабораторијата за радијациона физика (РАД-ЛАБ)“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник*, а ќе се објави по добивањето согласност од *Универзитетскиот сенат.*

**Д е к а н**
**Проф. д-р Димитар Ташковски, с.р.**